# УСТАВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# П Р Е Г Л Е Д

## за работата на Уставниот суд на Република Македонија

## за 2015 година

**Скопје, февруари 2016 година**

**СОДРЖИНА**

**I. ВОВЕД**

**II. ПОДАТОЦИ ЗА ВКУПНИОТ БРОЈ НА ПРЕДМЕТИ И ПОСТАПКАТА И ВИДОВИТЕ НА АКТИ НА СУДОТ СО КОИ СЕ РЕШЕНИ ПРЕДМЕТИТЕ**

**III. СТАВОВИ НА СУДОТ ЗАЗЕМАНИ ПРИ ОДЛУЧУВАЊЕТО**

**1. Интервентни одлуки на Судот**

**1.1. Одлуки за поништување или укинување на закони**

**1.2. Одлуки за поништување или укинување на други прописи и општи акти и колективни договори**

**2. Решенија за неповедување постапка**

**3. Барања за заштита на слободите и правата**

**IV. ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА НА СУДОТ**

**V. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА**

**VII. МАТЕРИЈАЛНИ И ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РАБОТА**

# I.ВОВЕД

Уставниот суд на Република Македонија во периодот од 1 јануари 2015 заклучно со 31 декември 2015 година, својата функција ја извршуваше во рамките на надлежностите утврдени во членот 110 од Уставот според кој Судот е надлежен да:

- одлучува за согласноста на законите со Уставот и за согласноста на другите прописи и на колективните договори со Уставот и со законите;
- ги штити слободите и правата на човекот и граѓанинот што се однесуваат на слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата, политичкото здружување и дејствување и забраната на дискриминација на граѓаните по основ на пол, раса, верска, национална, социјална и политичка припадност;
- решава за судирот на надлежностите меѓу носителите на законодавната, извршната и судската власт;
- решава за судирот на надлежностите меѓу органите на Републиката и единиците на локалната самоуправа;
- одлучува за одговорноста на претседателот на Републиката;
- одлучува за уставноста на програмите и статутите на политичките партии и на здруженијата на граѓаните и
- одлучува за други прашања утврдени со Уставот.

При извршување на работите од својата надлежност Судот, покрај квалитетот, ја обезбеди и потребната ефикасност и ажурност во своето работење.

Во текот на 2015 година Судот работеше во полн состав, одржа 32 седници и една јавна расправа по барање за заштита на слободи и права.

## II. ПОДАТОЦИ ЗА ВКУПНИОТ БРОЈ НА ПРЕДМЕТИ И ПОСТАПКАТА И ВИДОВИТЕ НА АКТИ НА СУДОТ СО КОИ СЕ РЕШЕНИ ПРЕДМЕТИТЕ

Во периодот од 1 јануари 2015 година заклучно со 31 декември 2015, Судот постапуваше, односно во работа имаше вкупно **234** предмети. Од тие, **128 предмети беа примени** во текот на 2015 година, а **106** беа пренесени како **незавршени** од претходните години. Од вкупниот број на предмети во работа во текот на годината беа **завршени 150 предмети**, а останаа **незавршени 84 предмети.**

### 1. ПРИМЕНИ ПРЕДМЕТИ

***1.1.Примени предмети според подносителите на иницијативите***

| *Подносители на иницијативи* | *број на предмети* |
|---|---|
| Граѓани | 105 |
| Политички партии | 2 |
| Влада на Република Македонија | / |
| Претпријатија и други организации и заедници | 8 |
| Органи на единиците на локална самоуправа | 2 |
| Здруженија на граѓани | 11 |
| Уставен суд на Република Македонија | / |
| Други субјекти | / |
| **ВКУПНО** | **128** |



### *1.2. Примени предмети според видот на оспорениот акт*

| *Вид на оспорен акт* | *број на предмети* |
|---|---|
| Закони | 80 |
| Статути | 1 |
| Колективни договори | 3 |
| Прописи на Владата на РМ и на министерствата | 9 |
| Акти на единиците на локална самоуправа | 16 |
| Поединечни акти (заштита на слободи и права) | 13 |
| Акти на претпријатија | 3 |
| Акти на јавни служби | 1 |
| Акти на политички партии | / |
| Акти на Претседателот на Република Македонија | / |
| Други акти | 2 |
| **ВКУПНО** | **128** |



***1.3.Примени предмети според видот на надлежноста на судот и според правната област на оспорениот акт***

| *Вид на надлежност на Уставниот суд* | *број на предмети* |
|---|---|
| **I. Оценка на уставност и законитост (по области)** | |
| 1. Одбрана, безбедност и внатрешни работи | 1 |
| 2. Надворешни работи | 2 |
| 3. Финансии, даноци и други јавни давачки и надоместоци | 4 |
| 4. Стопанство | 13 |
| 5. Јавни претпријатија, јавни установи, институции што вршат јавни овластувања | 3 |
| 6. Организација и работа на органите на државната власт: (Собрание на РМ, Претседател на Република Македонија, Влада на Република Македонија и државна управа, Правосуден систем (судови, судски совет на РМ, јавно обвинителство, јавно правобранителство, адвокатура, нотаријат, извршители, медијатори), Народен правобранител | 16 |
| 7. Избори, референдум, политички партии, здруженија на граѓани и фондации, јавни собири | 4 |
| 8. Верски права и слободи | / |
| 9. Права на странците | / |
| 10. Имотно-правни односи | 3 |
| 11. Урбанизам и градежништво | 9 |
| 12. Сообраќај и врски | 6 |
| 13. Животна средина | 1 |
| 14. Работни односи | 10 |
| 15. Пензиско и инвалидско осигурување | 6 |
| 16. Социјална и здравствена заштита | 9 |
| 17. Односи во бракот и семејството | / |
| 18. Образование, наука и култура | 6 |
| 19. Јавно информирање | / |
| 20. Локална самоуправа | 6 |
| 21. Комунални дејности | 2 |
| 22. Останато | 15 |
| **II. Барања за заштита на слободи и права** | **13** |
| **III. Судир на надлежност** | **/** |
| **IV. Одговорност на претседателот на Републиката** | **/** |
| **V. Одлучување за уставноста на програмите и статутите на политичките партии и здруженија на граѓани** | **/** |
| **VI. Други надлежности на Уставниот суд** | **/** |
| **ВКУПНО** | **128** |

# 2. РЕШЕНИ ПРЕДМЕТИ

***2.1.Решени предмети според видот на актот на Судот со кои е завршена постапката***

| *Вид на акт со кој е завршена постапката* | *број на предмети* |
|---|---|
| Одлука за укинување | 11 |
| Одлука за поништување | / |
| Одлука за одбивање | 2 |
| Одлука за утврдување | / |
| Решение за неповедување постапка | 73 |
| Решение за отфрлање на иницијативата/барањето | 59 |
| Решение за запирање на постапката | / |
| Административно завршен (член16,член13 и 15 од Деловникот) | 4 |
| Предмети завршени на друг начин | 1 |
| **ВКУПНО** | **150** |



**2.2.** ***Решени предмети во кои биле оспорени закони:***

| *Вид на акт со кој е завршена постапката* | *број на предмети* |
|---|---|
| Со одлука за укинување | 6 |
| Со одлука за поништување | / |
| Со решение за неповедување постапка | 43 |
| Со решение за отфрлање на иницијативата | 27 |
| Со решение за запирање на постапката | / |
| Административно завршени (член16, член 13 и 15 од Деловникот) | 2 |
| **ВКУПНО** | **78** |




Анализата на вкупните податоци покажува дека вкупниот број на примени предмети во текот на 2015 – 128 предмети, споредено со 2014 година кога биле примени 173 предмети, е значително намален, односно во 2015 година беа примени 45 предмети помалку во однос на 2014 година.

Судот и во текот на 2015 година, како и во претходните години, најголем дел од својата работа во извршување на неговите уставни надлежности, посветил на оценување на согласноста на законите со Уставот. Така од вкупно 128 примени предмети, во 80 од нив (што во проценти изнесува 62.5%) биле оспорени закони. Овој процент е нешто поголем во споредба со 2014 кога процентуалното учество на предметите во кои биле оспорени закони во однос на вкупниот број предмети изнесувал 56,6%.

Во текот на 2015 година до Судот беа поднесени 13 барања за заштита на слободи и права врз основа на член 110 алинеја 3 од Уставот на Република Македонија, што е на ниво на примените барања за заштита на слободи и права и во 2014 година, но споредено со претходните години претставува намалување (во 2013 година биле поднесени 22 барања, во 2012 година биле поднесени 25 барања, во 2011 биле поднесени 23 барања).

## III. СТАВОВИ НА СУДОТ ЗАВЗЕМЕНИ ПРИ ОДЛУЧУВАЊЕТО

### 1. Интервентни одлуки на Судот[1]

Во периодот од 1 јануари до 31 декември 2015 година, како што е веќе истакнато, Судот со одлука за поништување или укинување на закони и други прописи заврши вкупно **11 предмети**.

### 1.1. Одлуки за поништување или укинување на закони

Судот интервенираше во повеќе **закони** од различни области и тоа:

**1.**Уставниот суд со Одлука У.бр.66/2014 од 28 јануари 2015 година, ги укина член 99-а став 3 и став 4 во делот: „Во случај на повторување на прекршокот од страна на истиот сторител или со истото возило, возилото што било користено за превоз трајно се одзема во сопственост на Република Македонија со асистенција на униформираниот полициски службеник во моментот на сторување на прекршокот, а по издавање на решение за трајно одземање на возилото од страна на инспекторот за патен сообраќај" од **Законот за превоз во патниот сообраќај** („Службен весник на Република Македонија" број 68/2004, 127/2006, 114/2009, 83/2010, 140/2010, 17/2011, 53/2011, 6/2012, 23/2013, 120/2013, 163/2013, 187/2013 и 42/2014).

*Законската регулатива според која со решение на инспекторот за патен сообраќај, пред истото да стане правосилно и без водење прекршочна постапка, се одзема сопственоста на возилото, и тоа во моментот на сторување на прекршокот, не е во согласност со член 8 став 1 алинеите 3 и 4, член 13 став 1, член 30 став 3 и член 51 од Уставот.*

---

[1] Во овој дел на Прегледот дадени се сентенци од сите интервентни (поништувачки и укинувачки) одлуки, кои се однесуваат и на законите и на подзаконските акти, донесени во текот на 2015 година, при што редоследот е хронолошки, односно според времето на донесувањето на одлуката/решението.

**2.** Уставниот суд со Одлука У.бр.93/2014 од 11 февруари 2015 година, ги укина:

- член 108 став 2 , во делот: "и проверува дали има белег од видливо мастило на ноктот и палецот на десната рака",

- член 108 став 6, во делот: „и му се обележува со видливо мастило палецот на десната рака, односно палецот на левата рака, доколку нема палец на десната, притоа внимавајќи со видливото мастило да се опфати и ноктот на палецот. Ако избирачот нема палец на двете раце тогаш му се обележува со видливо мастило десниот показалец, односно левиот показалец доколку нема показалец на десната рака" и

- член 108-а став 9, во делот: „и му се обележува со видливо мастило палецот на десната рака, односно палецот на левата рака доколку нема палец на десната притоа, внимавајќи со видливо мастило да се опфати и ноктот на палецот. Ако избирачот нема палец на двете раце, тогаш му се обележува со видливо мастило десниот показалец, односно левиот показалец доколку нема показалец на десната рака",од **Изборниот законик** („Службен весник на Република Македонија" бр.40/2006, 136/2008, 44/2011, 51/2011, 142/2012, 31/2013, 34/2013 и 14/2014).

*Обележувањето на гласачите со видливо мастило го повредува принципот на еднаквост на граѓаните, принципот на тајност на гласањето како и честа и угледот на граѓанинот и неговата приватност и не е во согласност со член 25 од Уставот.*

**3.** Уставниот суд со Одлука У.бр.55/2014 од 27 мај 2015 година, го укина член 73 став 2 алинеја 2 од **Законот за внатрешни работи** ("Службен весник на Република Македонија, број 42/2014).

*Не е во согласност со одредбите од Уставот, кандидатот кон пријавата за вработување задолжително да приложува доказ дека не му е изречена забрана за вршење на професија, дејност или должност.*

**4.** Уставниот суд со Одлука У.бр.121/2014 од 24 јуни 2015 година, го укина член 81 став 4 од **Законот за лековите и медицинските помагала** ("Службен весник на Република Македонија" број 106/2007, 88/2010, 36/2011, 53/2011, 136/2011, 11/2012, 147/2013, 164/2013, 27/2014 и 43/2014).

*Уредувањето на видот и степенот на образованието на основачот на правно лице-аптека, претставува ограничување на субјектите за слободно настапување на пазарот и претприемништвото, односно давање можност за монопол на основачките права за дејноста аптека само на одреден круг на лица на пазарот, а не на сите кои сакаат, можат и имаат капитал да се вклучат на пазарот како основачи на правно лице-аптека.*

*Забраната за роднинска поврзаност на основачите на правните лице кои вршат промет со лекови на големо и мало, не значи ограничување на правните лица кои вршат промет на големо со лекови и промет на мало со лекови слободно да настапуваат на пазарот, бидејќи тие и понатаму слободно можат да настапуваат на пазарот со прилагодување на основачката структура согласно оспорените законски решенија.*

*Со овозможувањето, лековите кои се продаваат без рецепти, да може на граѓаните да им бидат достапни и во продавници и бензински станици, не се одзема надлежноста на аптеките.*

*Обврската за отворање на аптека во рурално населено место, како и обврската за работа во две, односно три смени на аптеките во зависност од бројноста на населението, со можност да им дозволи на некои аптеки и 24 часовна работа, е во интерес за континуирано обезбедување на достапност на лекови на граѓаните и не имплицира повреда на слободата на пазарот и претприемништвото, имајќи ја во вид суптилноста на проблематиката на лековите, сфера која е најтесно поврзана со здравјето на луѓето.*

**5.** Уставниот суд со Одлука У.бр.125/2014 од 10 јули 2015 година, го укина член 15 алинеја 3 од **Законот за основање на Агенцијата**

**за енергетика на Република Македонија** („Службен весник на Република Македонија" бр.62/2005 и 41/2014).

*Содржината на одредбата од член 15 алинеја 3 од Законот за основање на Агенцијата за енергетика во која се наведува дека лицето ке биде разрешено од одредени функции , како последица од изречена казна затвор, произлегува дека неможноста односно, забраната за вршење на функцијата член, односно директор на Управниот одбор, како остварување на одредено право кое е поврзано со моментот на изрекувањето на казната, наместо со правосилна судска пресуда со која е изречена казната, во суштина значи дека лицето, со оспорената одредба се смета за виновно пред да биде утвр-дена неговата вина со правосилна судска одлука и трпи соодветна последица поради тоа. Оттука, неконзистентноста на законодавецот во уредувањето на оспорената одредба која ја прави нејасна и непрецизна доведува до состојба лицето да трпи правни последици од осуда по сила на закон, кое може да биде случај само со правосилна судска одлука. Од овие причини, формулацијата на наведената законска одредба е недоволно прецизна и јасна и како таква не обезбедува правна сигурност на граѓаните, како еден од елементите на принципот на владеењето на правото гарантиран со членот 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Македонија. Оваа одредба поради нејзината непрецизност, не е во согласност со членот 13 став 1 и членот 14 став 1 од Уставот, од причини што недостатокот на квалификацијата "со правосилна пресуда", претставува директна повреда на уставното начело на презумпција на невиност, бидејќи доведува до тоа лицето да се смета за виновно пред неговата вина да биде утврдена со правосилна судска одлука.*

**6.** Уставниот суд со Одлука У.бр.127/2014 од 30 септември 2015 година, го укина членот 8 став 1 во делот: „плаќа и надоместок за водење на постапката во зависност од висината на изречената глоба, и тоа: до 1.000 евра во денарска противвредност, надоместок од 20 евра во денарска противвредност; од 1.000 до 5.000 евра во денарска противвредност, надоместок од 50 евра во денарска противвредност; од 5.000 до 20.000 евра во денарска противвредност, надоместок од 100 евра во денарска противвредност; од 20.000 до 100.000 евра во денарска противвредност, надоместок од 200 евра во денарска противвредност; од 100.000 до 200.000 евра во денарска противвредност, надоместок од 300 евра во денарска противвредност или над 200.000 евра во денарска

противвредност, надоместок од 400 евра во денарска противвредност од **Законот за основање на Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка** („Службен весник на Република Македонија“ бр.130/2014).

*Определбата за плаќање на надоместок за водење на постапката кој се движи во износи од најмалку 20 евра во денарска противвредност до најмногу 400 евра во денарска противвредност исклучиво во зависност од висината на изречената глоба не е во согласност со членот 8 став 1 алинеја 3 од Уставот. Ова од причина што не е јасно од каде произлегува определувањето да се плаќа надоместок за водење на постапката само врз основа на висината на изречената глоба (кој води кон ставање на граѓаните во ист правен третман врз основа на висината на изречената глоба), а не врз основа на реално направените трошоци или пак потребни трошоци во постапката.*

## 1.2. Одлуки за укинување или поништување
## на други прописи и општи акти и колективни договори

Судот во текот на 2015 година интервенираше во повеќе **подзаконски акти** и тоа:

**1.**Уставниот суд со Одлука У.бр.67/2014 од 4 февруари 2015 година, го укина **Заклучокот за техничка исправка за дел од ДУП Ѓорче Петров** 2001 год. Урбанистичка парцела 20.08 и 20.13, донесен од Советот на општина Ѓорче Петров под бр.07-992/7 од 23 мај 2006 година („Служен гласник на општина Ѓорче Петров“ бр.5/2006).
(Одлука У.бр.67/2014)

*Интервенција во урбанистички план со која се менува големината на градежна парцела не може да се смета за техничка исправка, туку тоа претставува суштинска измена на планот, која мора да се направи во постапка за донесување на планот согласно одредбите од Законот за просторно и урбанистичко планирање.*

**2.** Уставниот суд со Одлука У.бр.23/2014 од 25 март 2015 година, ги укина:

- Одлуката за измена и дополнување на **Одлуката за утврдување цена на комунална услуга-собирање, транспорт и одлагање на комунален цврст отпад од правните субјекти** бр.02-173/13 од 22.07.2013, донесена од Управниот одбор на ЈКП „Скопска Црна Гора“ и

- Одлуката за давање согласност на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за утврдување цена на комунална услуга-собирање, транспорт и одлагање на комунален цврст отпад од правните субјекти бр.07-1120/10 од 30.07.2013 година, донесена од Советот на општина Чучер-Сандево („Службен гласник на општина Чучер-Сандево“ бр.8/2013).

*Определување на цена за собирање и транспортирање на комунален отпад, од страна на јавните претпријатија, според определени минимални и максимални деловни површини на правните лица, не е во согласност со член 8 став 1 алинеја 3 и член 51 од Уставот, како и со член 121 став 3 од Закон за управување со комунален отпад, бидејќи цената се определува врз основа на количеството и видот на отпадот според единица како денар по метар квадратен/денар по метар кубен/денар по килограм.*

**3.** Уставниот суд со Одлука У.бр.48/2014 од 13 мај 2015 година, го укина членот 176 од **Одлуката за комунален ред на Општина Штип** бр.07-8437/1 од 5 ноември 2013 година („Службен гласник на општина Штип“ бр.16/2013) донесена од Советот на општина Штип.

*При состојба кога единиците на локалната самоуправа имаат со Закон пренесени овластувања за доуредување на условите за чување на животни и домашни миленици исклучиво по однос на дворните места, но не и по однос на бројот на домашните миленици кои можат да бидат чувани во едно семејно домаќинство, начинот на нивното движење надвор од дворните места, барањето на посебно одобрение за чување на миленик од куќниот совет или пак за забраната за чување на куче кое постојано лае и завива одлуката на советот на општината не е во согласност со членот 8 став 1 алинеја 3 и членот 51 од Уставот. Воедно постои и повреда на членот 12 став 3 алинеја 8 од*

*Законот за комунални дејности и членовите 21 став 2 и 22 став 1 од Законот за локалната самоуправа.*

**4.** Уставниот суд со Одлука У.бр.49/2014 од 27 мај 2015 година, ја укина **Одлуката за определување на имиња на девет нови улици во град Неготино**, донесена од Советот на Општина Неготино на седница одржана на 04.11.2013 година, број 07-569/12 од 04.11.2013 година, објавена во "Службен гласник на Општина Неготино", број 14/2013 од 06.11.2013 година.

*Одлуката за определување на имиња на девет нови улици во град Неготино, донесена од Советот на Општина Неготино на седница одржана на 04.11.2013 година, број 07-569/12 од 04.11.2013 година, објавена во "Службен гласник на Општина Неготино", број 14/2013 од 06.11.2013 година, е донесена спротивно на член 8 став 2 од Законот за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти.*

**5.** Уставниот суд со Одлука У.бр.166/2014 од 18 јуни 2015 година, ја укина **Одлуката за усвојување на Предлог на ДУП за Урбан блок 79** (површина 17.31 ха) за плански период 2006-2011, помеѓу улиците булевар „В.С.Бато", „Б.Миладинови", ул. „1" и „Вонвардарска 2" во општина Тетово, бр.07-1280/13, донесена од Советот на општина Тетово на 27 мај 2010 година.

*Со оглед дека општината Тетово не достави акти и мислење за оспорените дејствија при донесувањето на оспорената одлука иако се изјасни дека во најкраток рок тоа ќе го стори, ниту пак достави одговор на наводите содржани во Решението за поведување на постапката, Судот оцени дека основано може да се изрази сомнение дали оспорените дејствија при донесувањето на Одлуката беа преземени, како и дека поради изнесените причини основано може да се постави прашањето за согласноста на донесувањето на Одлуката со наведените законски одредби. Поради тоа, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.*

**2. Решенија за неповедување постапка**

Во текот на 2015 година Уставниот суд на Република Македонија со решение за неповедување постапка за оценување на уставноста на закони, односно уставноста и законитоста на подзаконски акти заврши **73 предмети**.

Од овие предмети, како покарактеристични ги издвојуваме следниве:

**1.**Уставниот суд со Решение У.бр.148/2014 од 21 јануари 2015 година, не поведе постапка за оценување на уставноста на член 73 став 3 од **Законот за даноците на имот** („Службен весник на Република Македонија" бр.61/2004, 92/2007, 102/2008, 35/2011, 53/2011, 84/2012 и 188/2013).

*-Различната положба на даночниот обврзник, од една страна, и на должникот на даночниот обврзник, од друга страна, во врска со присилна наплата на даночниот долг на даночниот обврзник го оправдува различното дејство на нивните жалби предвидено со оспорената одредба, поради што не може да се постави прашањето за согласноста на оспорениот член со Уставот.*

**2**.Уставниот суд со Решение У.бр.123/2014 од 4 февруари 2015 година, не поведе постапка за оценување на уставноста на член 17 став 1 точките 2 и 4 од **Законот за државјанството на Република Македонија** ("Службен весник на Република Македонија" број 67/92, 8/2004, 98/2008 и 158/2011).

*-Фактот што законодавецот во постапката за отпуст од државјанство, не ги навел конкретно, таксативно, имотно-правните обврски на граѓанинот кон државните органи, ниту навел на кои државни органи се однесува оваа обврска, не ги прави одредбите нејасни и неприменливи и со истите не се повредува приципот на владеењето на правото.*

**3.**Уставниот суд со Решение У.бр.24/2014 од 11 февруари 2015 година, не повел постапка за оценување на уставноста на член 58 став 4 и член 67-а став 1 од **Законот за градење** ("Службен весник на Република Македонија" број 130/2009, 124/2010, 18/2011, 36/2011, 54/2011, 13/2012, 144/2012, 25/2013, 79/2013, 137/2013, 163/2013, 27/2014, 28/2014, 42/2014, 115/2014, 149/2014 и 187/2014).

*Не е во несогласност со Уставот, законодавецот да пропишува надлежност за органите на општините и органите на Градот Скопје како посебна единица на локалната самоуправа, кои ќе постапуваат во спроведување на постапката за издавање на одобренија за градење, како и да пропишува надлежност за органите кои ќе го издаваат одобрението за градење како поединечен акт во управната постапка.*

*Уредувањето со закон, советот на општината, советот на општините во градот Скопје и Советот на градот Скопје, да го утврдат изгледот на градбите доколку советите утврдат дека тоа е од значење за општината, општината во градот Скопје, односно градот Скопје, не претставува одземање надлежност на општините, бидејќи доколку советот на општината во градот Скопје донесе одлука со која ќе се утврди изгледот на градбите, постапката за издавање на одобрение за градење ќе ја спроведе самата општина.*

**4.**Уставниот суд со Решение У.бр.48/2013 од 18 февруари 2015 година, не поведе постапка за оценување на уставноста на целината и посебно оспорените одредби од член 4 став 2, член 6 ставови 1, 2 и 3, член 7 став 1 точка 1 и точка 2 во делот: „од истраги за сторени кривични дела или прекршоци", член 8 став 3, член 9, член 18 ставови 1 и 2 и член 23 од **Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета** („Службен весник на Република Македонија" бр.143/2012);

*Законот за граѓанска одговорност за клевета и навреда ја уредува граѓанската одговорност за клевета и навреда и тој не претставува процесен закон. Оттука не е повреден Амандман XXV од Уставот, со тоа што законот бил донесен со просто, а не со 2/3 мнозинство гласови.*

*Законодавецот има право со посебен закон да доуреди и прецизира одредби од друг закон или други закони донесени со двотретинско мнозинство и тоа не значи нивно дерогирање.*

*Различните форми на уметничко и сатирично изразување не можат однапред и автоматски да се сметаат за ненавредливи, туку нивниот ефект треба да се цени од случај на случај, при што особено треба да се ценат конкретните околности, а тоа е задача на судот што го применува законот во конкретни случаи.*

*Правните лица и групите лица имаат углед кој треба да биде заштитен, а судот што го применува законот, врз основа на конкретните околности на секој поединечен случај и од фактичкиот материјал што му стои на располагање, треба да направи баланс помеѓу правото на заштита на угледот на овие лица и слободата на изразување.*

*Одредбите од член 6 став 3 и член 8 став 3 ја утврдуваат општо одговорноста за клевета и навреда сторени преку средствата за јавно информирање, но од нив автоматски не произлегува дека уредникот или лицето кое што го заменува секогаш и во секој случај ќе бидат одговорни за изјава која што ја дало друго лице (автор на изјавата) во емисија која што се емитува во живо, од причина што тоа е фактичко прашање кое што треба да го утврдува судот во секој конкретен случај.*

*Одредбата од законот која ги пропишува основите за исклучување на одговорност за навреда за изјава дадена во работата на Собранието, во работата на советите на општините и градот Скопје, во управна или судска постапка или пред Народниот правобранител е формулирана на начин што е во согласност со уставните одредби за имунитет, поради што не може да се постави прашањето за согласноста на оваа одредба со одредбите од Уставот.*

*Користењето на службените документи од истрага за кривично дело или прекршок е уредено со посебни одредби од Законот за кривичната постапка кои даваат доволно гаранции против нивната злоупотреба, односно за спречување на нивно користење пред правосилно окончување на истрагата, така што не може да се постави прашањето за согасноста на оспорената одредба со уставните*

*принципи на презумпција на невиност и гаранцијата за сигурност и тајноста на личните податоци.*

*Оспореното законско решение товарот на докажувањето кај клеветата да е на страната на тужениот е во согласност со Уставот и практиката на Европскиот суд за човекови права. Во врска со ова, не може да се прави паралела со општите правила за докажување во граѓанската постапка, бидејќи станува збор за посебна, специфична материја која е регулирана со оспорениот закон за граѓанска одговорност за клевета и навреда кој како lex specialis има предимство во примената во однос Законот за парничната постапка.*

*Поаѓајќи од посебната улога што ја имаат медиумите во демократското општество, определувањето на највисокиот износ на надоместокот на нематеријална штета кој се однесува за навреда и клевета сторени од страна на новинар, уредник или правно лице произлегува од потребата тие да бидат заштитени од превисоки износи на надомест на штета во случај на клевета и навреда така што одредбите имаат заштитен карактер. Висината на законски утврдените износи е прашање на целесообразност што го цени законодавецот, додека пак прашањето за тоа како овие одредби се применуваат во практиката, е во доменот на судската власт, односно судовите кои непосредно го применуваат законот.*

*Во оспорениот член 23 став 3 прецизно се утврдени основите кога судот може да изрече привремена мерка за забрана на натамошно објавување на навредливите или клеветничките изјави и решението со кое тие се изречени може да се обжалат во жалбата против пресудата, така што не е повредено уставното право на жалба.*

**5.**Уставниот суд со Решение У.бр.101/2014 од 18 февруари 2015 година, не поведе постапка за оценување уставноста на член 228 од **Законот за пензиското и инвалидското осигурување** („Службен весник на Република Македонија“ бр.98/2012, 166/2012, 15/2013, 53/2013 пречистен текст,170/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 113/2014, 160/2014 и 188/2014).

*Оспорената одредба не создава правна несигурност од причини што со неа јасно се утврдени кои проценти ќе се применуваат*

*за утврдување на пензискиот стаж до 31 декември 2012 година, а кои од 1 јануари 2013 година, во зависност од тоа дали осигуреникот има или нема најмалку 15 години стаж на осигурување и не бил опфатен во вториот столб на осигурување.*

*Од уставно правен аспект, од значење е дека извршената промена на режимот на утврдување на пензиската основа се однесува за сите идни корисници на правата од пензиското осигурување, кои наведеното право ќе го стекнат по влегувањето во сила на законската измена, односно дека корисниците на правото утврдено пред наведената законска измена, продолжуваат да го остваруваат истото под условите под кои го стекнале, со што е обезбедена еднаквост на граѓаните пред Уставот и законот и правна сигурност, како елемент на владеењето на правото.*

**6.**Уставниот суд со Решение У.бр.140/2014 од 18 февруари 2015 година, не поведе постапка за оценување на уставноста на член 11 став 1 точка 10 во делот:„најмногу до навршување на 15 години пензиски стаж“ од **Законот за пензиското и инвалидското осигурување** (“Службен весник на Република Македонија” број 98/2012, 166/2012, 15/2013, 170/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 113/2014, 160/2014 и 188/2014).

*Законската определба според која како осигуреници со задолжително пензиско и инвалидско осигурување се опфатени и невработените лица кои примаат паричен надоместок најмногу до навршување на 15 години пензиски стаж, како еден од условите за остварување право на старосна пензија, е во рамките на уставното овластување на законодавецот да го определува нивото на социјалната сигурност на граѓаните и да ги определува правата од социјалното осигурување и нивниот обем, во согласност со општествено економските услови во Републиката, водејќи сметка за социјалната заштита и социјалната сигурност на граѓаните согласно со начелото на социјална праведност и водејќи сметка за еднаквоста на граѓаните пред Уставот и закон.*

**7.**Уставниот суд со Решение У.бр.122/2014 од 4 март 2015 година, не поведе постапка за оценување на уставноста на член 49 и член 63 став 1 од **Законот за управните спорови** („Службен весник на РМ“ бр.65/2006 и 150/2010).

*Утврдувањето на надлежноста на Врховниот суд да може да одлучува по повод поднесена посебна жалба во предмет за заштита на слободите и правата за кои одлучувал Управниот суд не се повредуваат уставните одредби на кои се повикува подносителот на иницијативата.*

*Право е на законодавецот во рамките на правниот поредок да определи кој суд како инстанционо повисок и надлежен ќе одлучува по редовните и вонредните правни лекови, а Уставниот суд нема надлежност да се впушта во оценка за тоа пред кој вид на суд граѓаните би оствариле подобра заштита. За Уставниот суд е од значење само околноста дали на граѓааните им е обезбедена судска заштита гарантитана со Амандман XXI и член 50 од Уставот.*

**8.**Уставниот суд со Решение У.бр.51/2013 од 8 април 2015 година, не поведе постапка за оценување на уставноста на член 28 ставови 1 и 2 од **Законот за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните** („Службен весник на Република Македонија“ бр.81/2005).

*Во конкретниот случај не може да стане збор за повреда на основните слободи и права на човекот и граѓанинот, ниту за нивно ограничување, затоа што оспорениот член 28 од Законот, се однесува за прашања поврзани со референдумот, како еден од облиците на непосредно изјаснување, односно учество на граѓаните во остварувањето на власта, кое учество, пак, се остварува во рамките и под услови и обем утврдени со Устав и со закон. Оттука, референдумското одлучување, а во тој контекст и правото на предлагање на распишување на референдум и правото на учество во референдумот, на кои права се повикуваат подносителите на иницијативите, не спаѓаат во корпусот на основните слободи и права признати во меѓународните конвенции и други документи, ниту пак како такви се утврдени во II поглавје на Уставот на Република Македонија, во кое се утврдени основните слободи и права на човекот и граѓанинот.*

**9.**Уставниот суд со Решение У.бр.16/2014 од 3 јуни 2015 година, не поведе постапка за оценување на уставноста на член 246 став 1 од **Законот за сопственост и други стварни права** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 18/2001, 92/2008, 139/2009 и 35/2010).

*Утврдувањето на условите за стекнување на право на сопственост на странско лице во Република Македонија е во надлежност на законодавецот, при што нема уставна обврска за изедначување со домашните лица во стекнувањето на ова право.*

**10.**Уставниот суд со Решение У.бр.42/2015 од 8 јули 2015 година, не поведе постапка за оценување на уставноста на член 109 од **Законот за средното образование** („Службен весник на Република Македонија“ број 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014 и 10/2015).

*Со определбата на законодавецот за санкционирање на непочитувањето на пропишаната обврска не се повредува самото право на образование, бидејќи гарантираните, утврдените права со Уставот и со закон не ги ослободуваат граѓаните од обврските утврдени со Устав и со закон.*

*Остварувањето на правото на образование и санкционирањето од страна на законодавецот за нивното неостварување, остава можност правото на образование да се остварува во согласност со Уставот и законот, што има уставна основаност, поради што не може да се постави прашањето за согласноста на оспорениот член 109 од Законот за средно образование со членот 44 од Уставот на Република Македонија.*

**11.**Уставниот суд со Решение У.бр.58/2015 од 21 октомври 2015 не поведе постапка за оценување на уставноста на Поднасловот: „Привремено или трајно одземање на лиценцата“ во делот: „или трајно“, член 132 став 1 во делот: „или трајно“, член 132 став 2 точка 4 и член 132 став 6 од **Законот за здравствена заштита** („Службен весник на Република Македонија“ број 43/2012, 145/2012, 87/2013, 164/2013, 39/2014, 43/2014, 132/2014, 188/2014, 10/2015, 61/2015 и 154/2015).

*Правото на коморите времено или трајно да ги одземаат лиценците за работа на здравствените работници со високо образование, кое се заснова на претходно донесена правосилна судска одлука со која на здравствениот работник привремено му е забрането да ја врши дејноста или професијата, односно е утврдено дека сторил стручен пропуст или грешка при работата со што предизвикал трајно нарушување на здравјето или смрт на болниот, има оправдување како мерка која законодавецот ја пропишал со цел контрола на здравствените работници како вршители на самостојна дејност при укажувањето на здравствените услуги, заради обезбедување и унапредување на квалитетот на здравствената заштита на пациентите, што е во насока на заштита на јавниот интерес и во поткрепа на начелото на владеењето на правото.*

**12**.Уставниот суд со Решение У.бр.23/2015 од 4 ноември 2015 година, не поведе постапка за оценување на уставноста на член 6 од **Законот за Советот за утврдување на факти и покренување на постапка за утврдување одговорност на судија** ("Службен весник на Република Македонија" број 20/2015)

*Пропишувањето на услови за вршење на јавна функција, кои подеднакво се однесуваат на сите граѓани, не може да се прифати како дискриминаторско ограничување на слободите и правата на граѓаните кои не ги исполнуваат пропишаните услови, поради што и не можат да ја вршат таа јавна функција.*

**13.**Уставниот суд со Решение У.бр.112/2014 од 22 април 2015 година, не поведе постапка за оценување на уставноста на членот 1 од **Тарифниот систем за измена и дополнување на Тарифен систем за продажба на топлинска енергија бр.01-1775/1** од 25.07.2014 година донесен од Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.113/2014).

*Домаќинствата како потрошувачи на топлинска енергија и останатите потрошувачи на топлинска енергија не се наоѓаат во иста правна положба по однос на нивните: карактеристики, намена на потрошена енергија, поставеност во системот, извори на средствата и друго, од каде различниот соодност во тарифните ставови не може да*

*биде проблематизиран по однос на неговата согласност со членот 9 од Уставот.*

**14**.Уставниот суд со Решение У.бр.157/2014 од 14 октомври 2015 година, не поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 12 став 1, во делот: „како и во случај на паркирање на возила на места предвидени за паркирање на возила на лица со посебни потреби, од страна на лица кои не спаѓаат во оваа категорија", од **Правилникот за начинот и условите на паркирање, времетраењето на паркирањето односно неговото ограничување и означување на ограничувањето на јавните паркиралишта од значење за градот Скопје,** бр. 02-1203/4-1, донесен од Управниот одбор на Јавното претпријатие „Градски паркинг" во Скопје на 28 декември 2009 година.

*Предвидувањето на доплатен билет, во ситуација кога несоодветен корисник користи паркинг место наменето за лица со посебни потреби, претставува плаќање за извршеното неправилно користење, од една страна и превентивно спречување на таквото неправилно користење на паркинг местата наменети за лицата со посебни потреби, од друга страна, односно уредување на користење на јавно паркиралиште (кое е добро од јавен интерес од локално значење на градот Скопје) засновано на наведената законска одредба, а не е овозможување на секој да може да го користи тоа паркинг место ако плати екстра цена и ако овозможи дополнителна заработка на ЈП „Градски паркинг" на штета на лицата со посебни потреби, ниту е оневозможување долг временски период инвалидите да паркираат на тоа паркинг место, ниту пак е повреда на темелната вредност-хуманизам, социјална правда и солидарност, и на уставната обврска за посебна заштита на инвалидните лица, како што се наведува во иницијативите.*

## 2. Барања за заштита на слободите и правата

Во текот на 2015 година, до Судот беа поднесени вкупно **13** барања за заштита на слободи и права врз основа на член 110 алинеја 3 од Уставот на Република Македонија, што е идентична бројка како и поднесените барања во 2014 година.

Судот во текот на 2015 година, реши 14 предмети за заштита на слободите и правата (од кои 9 се барања примени во текот 2015 година, 4 се од 2014 година а еден од 2013 година).

Од вкупниот број на решени барања за заштита на слободи и права во текот на 2015 година, најголем број – 6 барања се однесуваа на заштита од дискриминација, во 3 барања подносителите се повикуваа на заштита на слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата, во еден предмет се бараше заштита на авторско право, во еден предмет право на пристап до суд, во два предмета се бараше заштита на правото на правично судење, а во еден предмет право на заштита на сопственоста.

Судот во 2 случаи, со одлука го одби барањето, не наоѓајќи дека е сторена повредата на правото. Станува збор за следниве случаи:

**1**.Уставниот суд со **Одлука У.бр.65/2015** од 18 ноември 2015 година, го одби барањето на лицето Славе Димитров од Скопје за заштита на слободата на уметничкото изразување, според него, повредена со пресудата на Основниот суд Скопје I Скопје XXV К.бр. 2171/14 од 16.12.2014 година и пресудата на Апелационен суд Скопје КЖ.бр.332/15 од 27.05.2015 година.

*Начинот на кој некое авторско дело ќе биде категоризирано или пак прекатегоризирано, не е прашање кое допира до областа на слободата на уметничкото изразување, туку е прашање на конкретна примена на законите и подзаконските акти кои ја уредуваат областа на авторските и други стварни права.*

**2.**Уставниот суд со **Одлука У.бр.164/2014** од 14 октомври 2015 година, го одби барањето на лицата Владо Апостолов и Јадранка Костова, двајцата од Скопје, за заштита на слободите и правата од член 110 алинеја 3 од Уставот, што се однесуваат на слободата на јавното изразување на мислата, поднесено преку Филип Медарски адвокат од Скопје, повредени со Пресудата 8П4-30/13а од 27.12.2013 година на Основниот суд Скопје II Скопје и Пресудата ГЖ-1742/14 од 03.09.2014 година на Апелациониот суд Скопје.

*Новинарот и одговорниот уредник на одредено средство за јавно информирање кои пронеле информација до која дошле од друг*

*извор и на таа информација додале свои навредливи коментари и не обезбедиле од лицето на кое се однесува информацијата негово мислење не можат да се повикаат на повреда на слободата на изразувањето. Во ваков случај не постои основ за исклучување од одговорност за клевета.*

Во останатите 12 предмети, барањата беа отфрлени поради ненадлежност или поради постоење процесни пречки за одлучување.

## IV. ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА НА СУДОТ

Согласно Деловникот на Уставниот суд работата на Судот е јавна.

Претставниците на средствата за јавно информирање редовно можат да присуствуваат на седниците на Судот. Известување на јавноста за работата на Судот се врши континуирано и преку интернет страницата на Уставниот суд за дневниот ред на секоја закажана седница. После секоја завршена седница претставниците на средствата за јавно информирање сеопфатно се информираат за одлуките и решенијата што ги донел Судот.

Одлуките и решенијата откако ќе бидат изготвени и потпишани од Претседателот на Судот се објавуваат на Интернет страницата на Уставниот суд, така што се достапни на стручната и друга јавност: ***(www.ustavensud.mk).***

Информирањето на јавноста во 2015 година исто така се остваруваше и преку соопштенија и прес конференции.

Уставниот суд на Република Македонија редовно ги следеше медиумите и нивното информирање за работата на Уставниот суд.

## V. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Во текот на 2015 година, во рамките на активностите на меѓународната соработка, претставници од Судот учествуваа на повеќе мултилатерални настани. Истовремено Судот продолжи да ја остварува веќе воспоставената соработка со Венецијанската комисија на Советот на Европа преку својот офицер за врски.

Од активностите на меѓународната мултилатерална соработка ги издвојуваме следниве:

Претседателот на Уставниот суд на Република Македонија г-ѓа Елена Гошева, на покана на претседателот на Европскиот суд за човекови права Дин Шпилман, присуствуваше на свечената седница на Европскиот суд за човекови права која по повод официјалниот почеток на судиската година на тој суд се одржа на 30 јануари 2015 година. Во рамките на настанот, претседателите на највисоките судски инстанци од цела Европа учествуваа на семинарот на тема: „Супсидијарноста: паричка со две страни?“

Делегација на Уставниот суд на Република Македонија предводена од претседателот на Уставниот суд г-ѓа Елена Гошева учествуваше на Вториот регионален форум за владеењето на правото во Југоисточна Европа што се одржа на 6 и 7 март 2015 година во Белград, во организација на AIRE Центарот и Бранителите на човекови права. На Форумот учествуваа судии во Европскиот суд за човекови права, претставници на врховните и уставните судови од регионот, Академиите за обука на судии, владините агенти за застапување пред Судот во Стразбур и претставници на невладините организации. Целта на Форумот беше да ја промовира имплементацијата на Европската конвенција за човекови права во регионот.

Делегација на Уставниот суд на Република Македонија предводена од Претседателот на Уставниот суд г-ѓа Елена Гошева, учествуваше на Регионалната конференција на тема: “Ефективната употреба на националните правни лекови во домашните судски постапки и супсидијарната улога на Европскиот суд за човекови права”, што се

одржа на 12 и 13 март 2015 година во Загреб, во организација на Советот на Европа – Одделот за подршка на националната имплементација на човековите права.

На покана на претседателот на Уставниот суд на Република Турција г-дин Зухту Арслан, делегација на Уставниот суд на Република Македонија предводена од претседателот на Судот г-ѓа Елена Гошева, од 27 до 30 април 2015 година, престојуваше на одбележувањето на 53-та Годишнина од постоењето на Уставниот суд на Турција. По тој повод беше одржан Меѓународен симпозиум на тема „Оценување на одлуките по уставната жалба – предизвици и правни лекови“. За време на посетата учесниците беа примени и од претседателот на Република Турција г-дин Реџеп Таип Ердоган.

Од 6 до 8 мај 2015 година генералниот секретар на Уставниот суд г-ѓа Оливера Филиповска и претставници на стручната служба на Уставниот суд учествуваа на Тркалезна маса за работењето на стручните служби на уставните судови од регионот што се одржа во градот Леш во Република Албанија во организација на Уставниот суд на Албанија.

Делегација на Уставниот суд на Република Македонија предводена од претседателот на Уставниот суд г-ѓа Елена Гошева учествуваше на Тркалезна маса на тема „Правна природа на одлуките на уставниот суд и нивните последици“ што се одржа во Милочер, Црна Гора од 18 до 20 мај 2015 година во организација на Уставниот суд на Црна Гора и Фондацијата Ханс Зајдл.

На покана на претседателот на Судот за судир на надлежност на Република Турција, делегација на Уставниот суд на Република Македонија предводена од претседателот на Уставниот суд г-ѓа Елена Гошева присуствуваше на Симпозиум по повод 70 Годишнината од основањето на Судот за судир на надлежност, што се одржа од 9 до 15 јуни 2015 година во Анкара.

Делегација на Уставниот суд на Република Македонија предводена од претседателот на Уставниот суд г-ѓа Елена Гошева присуствуваше на Церемонијата по повод испраќањето на Претседателот на Уставниот суд на Република Косово во заминувањ-е, што се одржа на 16 јуни 2015 година во Приштина.

Генералниот секретар на Уставниот суд г-ѓа Оливера Филиповска и државниот советник за меѓународна соработка учествуваа на Подготвителниот состанок за XVII Конгрес на Европската конференција на уставни судови што се одржа од 9 до 11 септември 2015 година во Батуми, Грузија.

Делегација на Уставниот суд на Република Македонија учествуваше на Меѓународната конференција што се одржа во Астана од 25 до 30 август 2015 година, по повод 20 Годишнината на Уставот на Република Казахстан на тема „Уставот: единство на народот, стабилност и просперитет".

Делегација на Уставниот суд на Република Македонија учествуваше на Меѓународната конференција на тема „Улогата на Уставниот суд во јакнењето на независноста на судската власт" што се одржа од 8 до 10 октомври 2015 година во Ереван, Република Ерменија.

Делегација на Уставниот суд на Република Македонија учествуваше на церемонијата по повод VI Судиска година на Уставниот суд на Република Косово што се одржа на 16 октомври 2015 година во Приштина.

Делегација на Уставниот суд на Република Македонија предводена од претседателот на Уставниот суд г-ѓа Елена Гошева учествуваше на Регионалната конференција на тема „Слобода на изразување – нормативна рамка и пракса" што се одржа во Будва од 29 до 31 октомври 2015 година во организација на Уставниот суд на Црна Гора и Германската фондација за меѓународна-правна соработка (ИРЗ).

Од 11 до 13 ноември 2015 година делегација на Уставниот суд на Република Македонија предводена од претседателот на Уставниот суд г-ѓа Елена Гошева, оствари билатерална посета на Уставниот суд на Република Албанија во Тирана. На средбата судиите од двата уставни суда ги разменија искуствата во врска со прашањето за независноста на уставните судови и гаранциите за нејзиното обезбедување.

И во текот на 2015 година продолжи соработката со Мисијата на ОБСЕ во Скопје и Програмата за владеењето на правото во Југоисточна Европа на Фондацијата Конрад Аденауер.

Во рамките на соработката со Мисијата на ОБСЕ во Скопје беа организирани шест сесии на обуки на вработените во Уставниот суд кои се однесуваа на следниве прашања: обука за користење на базата на судската практика (ХУДОК) на Европскиот суд за човекови права, како и обуки посветени на судската практика на Европскиот суд за човекови права по одделни членови од Европската конвенција за човекови права (право на живот, забрана на тортура, право на слобода и безбедност на личноста, право на фер судење, право на ефикасен правен лек, забрана на дискриминација, право на заштита на приватноста, како и една сесија во рамките на која беа разгледувани најзначајните предмети против Република Македонија). Покрај тоа, беше одржан и семинар за уставната тужба во рамките на кој учесниците имаа можност да се запознаат со моделот на уставната тужба што се применува во Босна и Херцеговина.

Мисијата на ОБСЕ во Скопје исто така финансиски овозможи да се реализира студиска посета на Уставниот суд на Словенија која имаше за цел запознавање на словенечкиот модел на уставна тужба, запознавање со начинот на работа на Уставниот суд на Република Словенија по уставните тужби, уставно-судската практика и ИТ системот на компјутерска подршка и управување со предметите.

Германскиот модел на уставна тужба беше претставен за време на дводневниот семинар на тема „Системот на индивидуална заштита на човековите права пред Сојузниот уставен суд на Германија“ . Предавачи на семинарот беа двајца научни соработници – судии од Сојузниот Уставен суд на Германија. Овој семинар беше организиран во соработка со Програмата за владеењето на правото во Југоисточна Европа на Фондацијата Конрад Аденауер.

## VI. МАТЕРИЈАЛНИ И ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РАБОТА

Уставниот суд на Република Македонија во текот на 2015 година работите од својата надлежност ги извршуваше со буџет кој изнесуваше вкупно 35.724 000,оо денари (околу 579.935 евра) и во тие рамки Судот обезбеди целосно функционирање од аспект на потребите за тековно и непречено работење.

Во текот на 2015 година беа реализирани 6 нови вработувања во стручната служба на Уставниот суд, со што се пополнија работните места што повеќе години беа упразнети.

Од гледна точка на унапредувањето на техничките услови за работа, со финансиска подршка на Турската агенција за меѓународна соработка - ТИКА беше инсталирана опрема за тонско озвучување на салата за судења и конференциската сала на Уставниот суд.

**Уставен суд на Република Македонија**

**Кеј Димитар Влахов бр.19**

**1000 Скопје**

**тел.   +389 2 3163 063, Претседател**

**тел.  + 389 2 3165 153, Генерален секретар**

**факс +389 2 3119 355**

**e-mail: mail@ustavensud.mk**

**Интернет: www.ustavensud.mk**

**Издавач:**

Уставен суд на Република Македонија

**Редакција:**

Елена Гошева, Претседател

Д-р Гзиме Старова, судија

Д-р Наташа Габер-Дамјановска, судија

Вангелина Маркудова, судија

Оливера Филиповска, генерален секретар

Татјана Јањиќ-Тодорова, државен советник

**Дизајн и печатење:**

Polyesterday